ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-5456/1
31.08.2026 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВЕН ПОВИК

## за избор на ко-организатор на настан по повод 50 години од формирањето на Општина Гази Баба

I

Општина Гази Баба објавува **Јавен повик за избор на ко-организатор на настан по повод 50 години од формирањето на Општина Гази Баба**, кој ќе се одржи на **18.09.2026 година на плоштадот во Автокоманда, Скопје**.

II

Право на учество на јавниот повик имаат:

- здруженија на граѓани;
- фондации;
- установи;
- трговски друштва;
- маркетинг агенции,

кои ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со овој јавен повик.

III

За реализација на настанот, Општина Гази Баба ќе додели финансиски средства на избраниот ко-организатор во износ од **500.000,00 денари**, согласно средствата утврдени во **Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година**.

IV

Избраниот ко-организатор е должен да ја организира и реализира **музичката програма** во рамките на настанот, кој ќе се одржи на 18.09.2026 година на плоштадот во Автокоманда.
За реализација на музичката програма, ко-организаторот е должен да обезбеди и ангажира **естрадни уметници од Република С.Македонија и од странство**, согласно предложената и одобрена програма.
Вкупното времетраење на програмата на настанот **не смее да биде подолго од шест часа**.

V

**Основни критериуми за учество**
Заинтересираните апликанти треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- да се регистрирани во Централниот регистар на Република С.Македонија;
- да имаат седиште на територијата на град Скопје;
- во рамките на својата регистрирана дејност да се занимаваат со организација на културни, забавни и/или музички манифестации.

## VI
## Потребна документација

Апликантот е должен да ја достави следната документација:

1. **Тековна состојба од Централниот регистар**, не постара од шест месеци;
2. **Потврда дека не постои забрана за учество во постапки**, издадена од Централниот регистар;
3. **Предлог-програма за реализација на настанот**, со детална содржина на музичката програма и прикажани финансиски импликации, односно детална финансиска конструкција за реализација на програмата во рамките на предвидените средства.

Документацијата треба да биде доставена во оригинал или копија, согласно важечките прописи.

## VII

Пријавата со целокупната потребна документација се доставува:

- лично, во **Архивата на Општина Гази Баба**, во период од **08:00 до 16:00 часот**.

Пријавата се доставува во **затворен плик**, со следната назнака:
**„За Јавен повик за избор на ко-организатор за настан по повод 50 години од формирањето на Општина Гази Баба“**
со задолжителна ознака: **„НЕ ОТВОРАЈ“**
На пликот треба да бидат наведени податоците за апликантот и да биде евидентиран точниот датум и час на прием во Архивата на Општина Гази Баба.

Јавниот повик ќе биде објавен на **31.08.2026 година** на веб-страницата на Општина Гази Баба и ќе трае **заклучно со 04.09.2026 година**.

**Напомена:** Пријавите доставени по истекот на рокот, како и пријавите кои нема да ја содржат целокупната потребна документација, нема да бидат разгледувани.

## VIII

Комисија формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе ги разгледа пристигнатите пријави и приложената документација и ќе изврши избор на ко-организатор согласно условите и критериумите утврдени во овој јавен повик.

По завршувањето на постапката, Комисијата ќе донесе предлог за избор на ко-организатор, согласно утврдените критериуми.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**